РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1007/2
07-09-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по отворен предмет со службена белешка со наводи за постоење на судир на интереси на 51 - та седница, прво продолжение, одржана на ден 01.09.2021 година ДКСК донесе

## Одлука

Постапката за утврдување состојба на судир на интереси кај лицето -------- со бр. 09-1007/1 од 02.03.2021 година отворена со службена белешка од Одделението за спречување на корупцијата, СЕ ЗАПИРА. ДКСК нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај.

Предметот со број 09-1007/1 од 02.03.2021 година да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-1007/1 од 02.03.2021 година е отворен со службена белешка од Одделението за спречување на корупцијата со цел проверка дали постои повреда на одредбите на Законот за спречување на корупција и судирот на интереси кај лицето ---------, член на Советот на ------- кој воедно е и управител и сопственик на фирмата ----------.

По разгледување на службената белешка, ДКСК утврди дека лицето --------- функцијата член на Совет на --------- не ја извршува професионално, така што ограничувањето предвидено во член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не се однесува на него.

Имено, наведеното лице доколку управува со трговско друштво како сопственик не е должно управувањето да го довери на друго лице или тело.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

На седницата одржана на ден 01.09.2021 година, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај, па поради тоа одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК.
Изработил: К.З.., раководител
Одобрил: К.Н.., член на ДКСК